

*Дарко Марковиќ, карикатурист на годината, плус "Пецко" за анимиран филм*



*Зафир Хаџиманов и кралицата на ромската песна Есма Реџепова добија "Златна бубамара" за животно дело*



ЗАВЧЕРА ВО УНИВЕРЗАЛНА

# "Златна бубамара" за најпопуларните

"Златна бубамара" на популарноста за 2001. По петти пат. Универзална сала, завчера. Преполна. Пет бенда во живо. Тони Михајловски станува заштитно лице. Шегите и скечевите, актуелни и забавни... Сашо за загревање. Наградени за достигнувања - многу... Владо Јовановски и Тања Кочовска - актери, "Диво месо"- претстава, "Багаж", откритие на годината. "Мобимак" за маркетинг-кампања, "Идеја плус" за маркетинг-агенција, Соња Пандиловска од Антена 5 за радиоводител, Александар Митевски за радиореклама на "Окта". Бранко Илиевски од Телма за спортски коментатор, Томи Стефановски-спортист, Сашка Димитровска најфотогенично ТВ-лице, "Раде" на "Суперхикс" - спот на годината. Дарко Марковиќ за карикатурист на годината, плус "Пецко" за анимиран филм, Билјана Секуловска и Драган Павловиќ-Латас за уредници-водители, Снежана Лупевска за ТВ-репортер, Сашо Мацановски-Трендо за најчитана страница, "Нон-стоп" за најперспективна група. Тоше Проески за пејач и концерт на годината, Калиопи за пејачка, албум, хит ("Дали ме сакаш") и текстопишувач. К-15 за емисија и за ТВ-рекламата "Спијам џо бебенце" на Комерцијална банка. "Синтезис" - група на годината, продуцент - Дарко Димитров. Весна Бејби Петрушевска - ТВ-водител, "Вртелешка" и "Пет шоу" на Мелита Ракичевиќ за емисии. Неуморниот Зафир Хаџиманов и кралицата на ромската песна Есма Реџепова за животно дело... ракоплескања, забава и смеа... Честитки. В година пак на местото на настанот... Шеста по ред, Бубамара на популарноста. Ова веќе станува традиција.... ***(М.Џ.)***



*Снежана Лупевска, најпопуларен ТВ репортер*



*Весна Бејби Петрушевска - ТВ-водител, а нејзината "Вртелешка" -најемисија*

УТРЕВЕЧЕР ВО МНТ

# "Скопје 2002" за Песна за Евровизија

Вечерва е генералната проба, а утревечер е главната вечер на фестивалот "Скопје 2002", што ќе се одржи во МНТ и од кој ќе се избира нашиот претставник на изборот за Песна на Евровизија во Талин, Естонија. Водител ќе биде Игор Џамбазов. Честа да го отвори фестивалот му припадна на младиот Ѓорги Крстевски со песната "Песна за тебе". Потоа е Фани со "Лејди", па Биба Додева со "Необичен круг", Жармена со "Сомнеж", Вера Јанковиќ-"Вети ми", Лидија Кочовска-"Лице и опачина", Каролина Гочева- "Од нас зависи", Марјан Николовски и "Лозена" со "Кажи ми кажи", Ана Симоновска- "Како ми е мене", Пеце Огненов-"Сакам да сме заедно", Андријана Јаневска-"О шери, мон шери", Дексо и Сузана- "Сеќавање", Ристо Самарџиев- "Нема веќе песни тажни", "Багаж" -"Ќе те најдам", Анета Ефтимова- "За само една ноќ", Тијана- "Изгрев", Марија Георгиева и Ѓоко Танески- "Кога молчат очите" и Љупчо Ангелов- "Тотален колапс". Со среќа на сите и нека победи најдобрата песна.

***(В.М.)***





*Досега не претставуваа Владо Јаневски и "XXL", а кој ќе биде годинава?*



*Тоше Проески, пејач и концерт на годината*